FRONT 21/42

Headquarters: Branislav Nusic No 8-5/9, 1000 Skopje, R. Macedonia
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel/fax: + 389 2 [illegible] | e-mail: contact@front.org.mk

29.12.2020 година, Скопје

До:
Одделение за оцена на влијание врз животната средина
Сектор за животна средина
Министерство за животна средина и просторно планирање

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| | | | |
|---|---|---|---|
| 09 | 35/1 | | |

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,
Ви се обраќаме во врска со документација за проектот за реконструкција на Кеј „Македонија", Охрид.

Врз основа на член 4 од Архуската Конвенција (Сл. Весник на Р.М. бр. 40/99), член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 101/19) и член 51 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10, 24/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Ве молиме да ни доставите:

- **Копија од Елаборат за животна средина за проект Реконструкција Кеј „Македонија", Охрид изработен од компанијата „ГЕИНГ";**
- **Решение бр. УП 1-11/4-1318/2018 од 12.10.2018 за одобрување на Елаборатот, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.**

Ве молиме бараните информации да ни ги доставите во <u>писмена или електронска форма</u> на следниве адреси:

**„Фронт 21/42"**
**Бул. Климент Охридски бр. 54/2-2, 1 000 Скопје**
**или**
**e-mail: <u>anja.jovanova@front.org.mk</u>**

**Лице за контакт: Ања Јованова**
**Телефон: 078/ 413 - 667**

Со почит,
Ања Јованова
Правник
„Фронт 21/42"

Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Плоштад Пресвета Богородица" бр.3,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Архивски бр. УП1-11/4-1318/2018

Дата: 12. 10. 2018

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис

ДО: Општина Охрид
- Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици
ул. "Димитар Влахов" бр. 57
6000 Охрид

ПРЕДМЕТ: Доставување на Решение

ВРСКА: Ваш број 23-13821/1 од 26.09.2018 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение број УП1-11/4-1318/2018, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект – Реконструкција на кеј "Македонија" - Охрид во општина Охрид, за потребите на инвеститорот Општина Охрид.

Со почит,

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирале: Дејана Тодоровска
Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. ____________ од ____________ година
Скопје 12. 10. 2018

УП1-11/4-1318/2018

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајќи по барањето на Општина Охрид, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УП1-11/4-1318/2018 од 26.09.2018 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

**РЕШЕНИЕ**

**За одобрување на Елаборат за заштита на животната средина**

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина со број ЕЖС_160_09/18 од Септември 2018 година, изготвен од страна на "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др" ДОО од Скопје, за проект – Реконструкција на кеј "Македонија" - Охрид во општина Охрид, за потребите на инвеститорот Општина Охрид.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведбата и функционирањето на проектот – Реконструкција на кеј "Македонија" - Охрид во општина Охрид, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животната средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

## Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект – Реконструкција на кеј "Македонија" - Охрид во општина Охрид, за потребите на инвеститорот Општина Охрид.

Локацијата на која се предвидува изведбата на проектот – Реконструкција на кеј "Македонија" е во централното градско подрачје на градот Охрид во општина Охрид.

Проектот – Реконструкција на кеј "Македонија" – Охрид ќе биде со должина од 992m, која го опфаќа шеталиштето и заштитната потпорна конструкција.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др" ДОО од Скопје.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Директор на
Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирале: Дејана Тодоровска
Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска